Уп. бр. 08-27

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и г-а М. П, државјанка на Република Словенија, ,преку полномошник Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.02.2025 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и г-а М. П. Словенија ќе стекнат заедничка контрола, над ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Америшка улица 2, 1000 Љубљана, Република Словенија, преку стекнување на самостојна контрола од страна КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о над ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о , со регистрирано седиште на адреса Врх при Фари 12, 1336 Костел, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиактивна административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и г-а М. П. Словенија, со која КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско

советување, д.о.о и г-а М. П. ќе стекнат заедничка контрола, над ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Америшка улица 2, 1000 Љубљана, Република Словенија, преку стекнување на самостојна контрола од страна на КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о над ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Врх при Фари 12, 1336 Костел, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о ,е словенечко друштво за проценка на вредност и финансиско советување, со регистрирана приоритетна дејност - консултантски активности во врска со работењето и останато управување. КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о, е дел од АЛФИ Групата.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализира на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата. Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема инвестиции, ниту деловни активности во областа на посредувањето во осигурување во Република Северна Македонија.

Во поширокиот состав на АЛФИ Групата е следново зависно друштво регистрирано во Северна Македонија, АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

***Г-а М.П.*** е државјанка на Република Словенија и еден од основачите на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

Г-а М.П е сопственик на 50% од уделите во основната главнина на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, додека друштвото ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о е сопственик на останатиот 50% од уделот во основната главнина на ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о, со што г-а М.П и ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о имаат заедничка контрола над ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

Ниту едно друштво во кое г-а М.П има удел нема регистрирано зависно друштво, нема деловни активности, ниту пак остварува приходи во Република Северна Македонија.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.е словенечко друштво за посредување во осигурување кое е основано во 2003 година.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.обезбедува сеопфатни услуги на посредување во осигурувањето и управување со ризици за правни лица, создавајќи прилагодени програми за осигурување врз основа на детални анализи на ризиците,

потребите и барањата на клиентите ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о. е независен посредник во осигурувањето и соработува со осигурителни и реосигурителни друштва кои се наоѓаат во Република Словенија и странство.

ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о. нема регистрирани зависни друштва и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о е друштво основано во 2024 година, со посебна намена за стекнување на удел во ЗА & СВЕТ посредување во осигурување д.о.о.

ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о нема оперативни активности на пазарот

Друштвото ИНСУРЕ Инвест, друштво за инвестиции д.о.о нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија и не остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**